**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА ПРЕДАВАЧ ЗА ПРЕДМЕТИТЕ** СТРАТЕГИСКИ МЕНАЏМЕНТ,УРБАНА ЕКОНОМИЈА, ЕКОНОМИЈА НА РЕГИОНАЛНИ ИНТЕГРАЦИИ, ЕКОНОМИЈА НА ЕВРОПСКА УНИЈА **НА ВСШ „ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА“ ВО СКОПЈЕ**

Со Одлука од 20.05.2011 год. донесена на седница на Наставничкиот совет на ВСШ „Факултет за бизнис економија“, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на предавач за наставна област регионална економија и стратешки менаџмент на ВСШ „Факултет за бизнис економија“ Конкурсот за овој избор беше објавен во весникот „Време“, на 21/04/.2011 год., и во предвидениот рок се пријави кандидатот, м-р Тодор Милчевски за следните предмети: СТРАТЕГИСКИ МЕНАЏМЕНТ,УРБАНА ЕКОНОМИЈА, ЕКОНОМИЈА НА РЕГИОНАЛНИ ИНТЕГРАЦИИ, ЕКОНОМИЈА НА ЕВРОПСКА УНИЈА.
Врз основа на приложената документација и нашето познавање на кандидатот, чест ни е на Наставничкиот совет на ВСШ’’Факултет за бизнис економија’’да му го поднесеме следниот извештај

**1. Биографски податоци**

М-р Тодор Милчевски е роден на 23.10.1983 во Скопје. Студиите ги завршил на Универзитет „Св Кирил и Методиј”, Економски факултет, Скопје, департман економија 2006, додека магистрирал во областа на бизнис администрација на Шилер Интернационален Универзитет во Флорида, Соединетите Американски Држави 2009. Добитник на Нил Амстронг наградата за исклучително достигнување во постдипломски студии - Magna Cum Laude

**2. Ангажирања на професионален план:**

- Февруари 2007 – Септември 2008: Кабинет на Заменик Претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања, Помлад соработник за економска политика и регулаторна реформа

- Ноември 2006 – Февруари 2007: Кабинет на Претседателот на Владата на Република Македонија, помлад соработник за економска политика

Опис на работните обврски:

- Имплементација на проектот Регулаторна Гилотина за поедноставување и/или укинување на законите и подзаконските акти кои претставуваат административен товар за приватниот сектор;
- Соработка со различни министерства и други владини тела, со бизнис заедницата и меѓународни институции како Светска Банка, УСАИД и др.;

- Подготовка на проектот Топ Менаџмент за подобрување на менаџерските вештини на менаџерите од Република Македонија;
- Анализа на влијанието на регулативата;
- Спроведување на јавни набавки;
- Подготовка на извештаи, анализи и информации (вклучително и информации за седница на Влада на РМ).
- Од основањето на ФБЕ во 2006 година до денес кандидатот е во постојан работен однос на истиот.

**Професионален развој**

- 2008, Март: **Вовед во проценка на влијанието на регулативата**, Трајковски и Партнери Менаџмент Консалтинг
- 2007, Октомври: **Подобрување на анализата на влијанието на регулативата во Југоисточна Европа**, ОЕЦД, Белград
- 2007, Септември: **Реформи во деловното опкружување во земјите од Југоисточна Европа**, Светска Банка, Загреб
- 2007, Август: **Работилници и тренинг сесии за макромоделирање и употреба во теорија и пракса**, Микромакро Консултанти, Хаг, Холандија (моделирање базирано на Excel)
- 2007, Април: **Привлекување странски директни инвестиции**, Тренинг, СДИ Проект, Ирска
- 2007, Март: **Управување со продажна сила**, Центар за образование по менаџмент Мотива
- 2007, Март: **Иницијатива за развој на приватниот сектор во Јуоисточна Европа,** Мрежа за учење за глобален развој
- 2006, Април - Јуни: **Офис Менаџмент (Office Management)**, Центар за Образование и Обука ПИВАРА Скопје кој е член на Европскиот Совет за деловно образование. Вештини на изучување: Комуникациски вештини, маркетинг, финансии, менаџмент на човечки ресурси, деловен англиски и компјутери
- 2006, Мај: **Управување со човечки ресурси**, Центар за образование по менаџмент Мотива
- 2005, Јануари: **Политики на Европската Унија,** Европски Зимски Универзитет, AIESEC

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Според Законот за високото образование и Статутот на Високата стручна школа „Факултет за бизнис економија“, како и од покажаните резултати во наставно-образовната и научноистражувачката дејност. Комисијата констатира дека кандидатот м-р Тодор Милчевски има потенцијали за развој во професијата.

Согласно Правилникот за критериуми и постапка за избор во наставни и соработнички звања на ВСШ „Факултет за бизнис економија“, кандидатот м-р Тодор Милчевски ги има остварено следниве поени кои се однесуваат на целокупната активност (НО+НИ +САОР):

– наставно-образовна (НО) = 35;

– научноистражувачка (НИ) =45;
– стручно-апликативна и организациско-развојна (САОР) = 10;
– вкупна актива (НО+НИ +САОР):  = 90 поени.

Според Правилникот за критериуми и постапка за избор во наставни и соработнички звања на ВСШ „Факултет за бизнис економија“, кандидатот м-р Тодор Милчевски ги исполнува критериумите за избор во наставно звање предавач во областа СТРАТЕГИСКИ МЕНАЏМЕНТ,УРБАНА ЕКОНОМИЈА, ЕКОНОМИЈА НА РЕГИОНАЛНИ ИНТЕГРАЦИИ, ЕКОНОМИЈА НА ЕВРОПСКА УНИЈА.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Весна Стојанова– претседател, с.р.

Проф. д-р Благоја Наневски –  член, с.р.

Проф. д-р Агис Шајноски –  член, с.р.